Република Македонија
ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II
01 СУ Бр. 1/2015
18.03 2015
СКОПЈЕ

# ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ
# ЗА 2014 ГОДИНА

**Скопје, март 2015 година**

| | |
|---|---|
| страна 3 | I.ВОВЕД |
| страна 5 | II.СТАТИСТИКА НА СУДОТ |
| страна 16 | III.ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ |
| страна 18 | IV.ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ |
| страна 22 | V.ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА |
| страна 24 | VI.ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ |
| страна 26 | VII.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ |
| страна 28 | VIII.ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА СУДОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА |

# I. ВОВЕД

Основниот суд Скопје II - Скопје е граѓански суд со основна и проширена надлежност за подрачјето на општините Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Сарај, Кисела Вода, Аеродром, Бутел, Гази Баба, Чаир, Шуто Оризари, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Петровец, Илинден и Арачиново.

Основниот суд Скопје II - Скопје во периодот од 1 јануари до 31 декември 2014 година, својата функција ја извршуваше во рамките на надлежностите утврдени со Законот за судовите, според кој судот е надлежен:

- за спорови во имотно - правните и други граѓанско - правни односи на физички и правни лица, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд,
- во трговски спорови во кои двете странки се правни лица или државни органи, како и спорови од авторски и други сродни права и права од индустриска сопственост,
- во постапка за стечај и ликвидација,
- во спорови за утврдување и обезбедување за присилно извршување и за спорови на домашни правни и странски лица кои произлегуваат од нивните меѓусебни стопански, односно трговски односи,
- за спорови за утврдување и оспорување на татковство, мајчинство, утврдување на постоење на брак, за поништување на брак и развод на брак, за законска издршка,
- за чување и воспитување на деца,
- за смеќавање на владение,
- за доживотна издршка,
- за надоместок на штета,
- во постапка за обезбедување и извршување,
- за работни односи,
- во спорови од наследно - правни односи,
- во вонпарнични и оставински работи,
- водење судски регистар за политички партии и цркви, верски заедници и религиозни групи и
- за други работи утврдени со закон.

Во 2013 година, со Решение на Судскиот совет на Република Македонија Бр.07-1317/13 од 25.06.2013 година, Судијата Ѓорѓи Радојков е определен за Вршител на должноста - Претседател на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Во 2014 година Судот работеше со 74 судии.

Функциите на судиите Ханиф Зендели, Љупчо Тодоровски и Беќир Шаини се во мирување. Судијата Ханиф Зендели е избран за Претседател на Основен суд Тетово, а судијата Љупчо Тодоровски за Претседател на Основен суд Радовиш. Судијата Беќир Шаини од функцијата Претседател на Основниот

суд Скопје II - Скопје е избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Македонија Бр.07-67/1 од 10.01.2014 година, се констатира престанок на судиска функција на Виолета Јоанидис, судија на Основен суд Скопје II - Скопје, со навршување на 64 години на 08.12.2013 година.

Со Решение на Судскиот совет на Република Македонија Бр.07-645/3 од 05.05.2014 година, се утврдува престанок на судиска функција на Зорица Стрезовска, судија на Основен суд Скопје II - Скопје, поради исполнување на условите за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Македонија Бр.07-1081/1 од 30.05.2014 година, се констатира престанок на судиската функција на Нада Милчевска, судија на Основен суд Скопје II - Скопје, со навршување на 64 години на 16.04.2014 година.

Со Решение на Судскиот совет на Република Македонија Бр.07-1321/1 од 15.07.2014 година, се констатира престанок на судиската функција на Елисавета Димитрова, судија на Основен суд Скопје II - Скопје, со навршување на 64 години на 03.07.2014 година.

Со Решение на Судскиот совет на Република Македонија Бр.07-1533/14 од 26.08.2014 година, се констатира престанок на судиската функција на Маргарита Тошанова, судија на Основен суд Скопје II - Скопје, со навршување на 64 години на 04.08.2014 година.

Со Решение на Судскиот совет на Република Македонија Бр.07-1539/1 од 01.09.2014 година, се утврдува престанок на судиската функција на Јорданка Клетничка, судија на Основен суд Скопје II - Скопје, поради исполнување на условите за старосна пензија.

Со Решение на Судскиот совет на Република Македонија Бр.07-2221/1 од 30.12.2013 година, Благица Ѓошевска, судија на Основниот суд Крива Паланка, времено е упатена за вршење на судиската функција во Основниот суд Скопје II - Скопје, сметано од 17.01.2014 година.

Со Решение на Судскиот совет на Република Македонија Бр.07-1335/2 од 17.07.2014 година, Надица Марковска, судија на Основниот суд Кратово, времено е упатена за вршење на судиската функција во Основниот суд Скопје II - Скопје, сметано од 18.07.2013 година.

Со Решение на Судскиот совет на Република Македонија Бр.07-1334/2 од 17.07.2014 година, Марија Скалова, судија на Основниот суд Куманово, времено е упатена за вршење на судиската функција во Основниот суд Скопје II - Скопје, сметано од 15.08.2014 година.

# II. ИЗВЕШТАЈ ЗА СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени предмети на крајот на 2013 година | Новопримени предмети во 2014 година | Вкупно предмети во работа во текот на 2014 година | Решени предмети во 2014 година | Нерешени предмети на крајот на 2014 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вонпарнични | 0 | 1939 | 1939 | 1939 | 0 |
| 2 | Парнични | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| 3 | Стечај | 217 | 2609 | 2826 | 2229 | 597 |
| 4 | Заверки | 236 | 7102 | 7338 | 7225 | 113 |
| 5 | Замолници | 175 | 362 | 537 | 397 | 140 |
| 6 | Други | 59 | 8 | 67 | 53 | 14 |
| 7 | Предмети од судска управа | 8 | 5494 | 5502 | 5464 | 38 |
| 8 | Доверливи предмети од судска управа | 0 | 16 | 16 | 16 | 0 |
| 9 | Трговски спорови | 1077 | 745 | 1822 | 893 | 929 |
| 10 | Парнични - мала вредност | 1696 | 2678 | 4374 | 2489 | 1885 |
| 11 | Повторување на постапка во парнично | 147 | 60 | 207 | 154 | 53 |
| 12 | Работни спорови | 605 | 1472 | 2077 | 1560 | 517 |
| 13 | Платни налози - предлог | 49 | 2 | 51 | 42 | 9 |
| 14 | Платни налози по приговор | 7329 | 6908 | 14239 | 8877 | 5362 |
| 15 | Приговори против неправилности при извршување | 57 | 1262 | 1319 | 1245 | 74 |
| 16 | Вонпарнични предмети (ВПП) | 763 | 1646 | 2409 | 1342 | 1067 |
| 17 | Оставина | 17790 | 481 | 18271 | 18229 | 42 |
| 18 | Имотни спорови | 2160 | 1054 | 3214 | 1734 | 1480 |
| 19 | Семејни спорови | 615 | 1370 | 1983 | 1273 | 710 |
| 20 | Стечаен совет | 46 | 2 | 48 | 24 | 24 |
| 21 | Ликвидација | 10 | 7 | 17 | 10 | 7 |

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени предмети на крајот на 2013 година | Новопримени предмети во 2014 година | Вкупно предмети во работа во текот на 2014 година | Решени предмети во 2014 година | Нерешени предмети на крајот на 2014 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | Противизвршување | 0 | 18 | 18 | 8 | 10 |
| 23 | Оставина по приговор | 45 | 69 | 114 | 84 | 30 |
| 24 | Разни вонпарнични предмети | 0 | 1619 | 1619 | 1511 | 108 |
| 25 | Физичка делба | 0 | 247 | 247 | 57 | 190 |
| 26 | Регистрација на политички партии и др | 0 | 26 | 26 | 24 | 2 |
| 27 | Евиденција на претставки и поплаки | 18 | 247 | 265 | 260 | 5 |
| 28 | Облигациони спорови | 1452 | 2193 | 3645 | 1667 | 1978 |
| 29 | Платен налог жалби | 27 | 217 | 244 | 219 | 25 |
| 30 | Издавање дозволи | 40 | 2066 | 2106 | 2059 | 47 |
| 31 | Разни парнични предмети | 1857 | 109 | 1966 | 1719 | 247 |
| | **ВКУПНО** | **36479** | **42028** | **78507** | **62804** | **15703** |

Во периодот од 1 јануари 2014 година, заклучно со 31 декември 2014 година, Судот во работа имаше 78.507 предмети. Од тие, 42.028 беа примени во текот на 2014 година, а 36.479 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на предмети во работа во текот на годината беа завршени 62.804 предмети, а останаа нерешени 15.703 предмети.

Анализата на вкупните податоци покажува дека Судот го совладал приливот во текот на 2014 година.

| Реден број | Вид на предмет | Вкупен број на одлуки од повисок суд во 2014 година, со кои е потврдена одлука на овој суд | Вкупен број на одлуки од повисок суд во 2014 година, со кои е преиначена одлука на овој суд | Вкупен број на одлуки од повисок суд во 2014 година, со кои е укината одлука на овој суд |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Парнични | 1 | 0 | 1 |
| 2 | Стечај | 3 | 0 | 2 |
| 3 | Заверки | 1 | 0 | 0 |
| 4 | Други | 22 | 1 | 5 |
| 5 | Трговски спорови | 389 | 22 | 82 |
| 6 | Парнични - мала вредност | 578 | 61 | 180 |
| 7 | Повторување на постапка во парнично | 60 | 2 | 6 |
| 8 | Работни спорови | 483 | 46 | 55 |
| 9 | Платни налози по приговор | 952 | 32 | 126 |
| 10 | Приговори против неправилности при извршување | 443 | 61 | 0 |
| 11 | Вонпарнични предмети (ВПП) | 43 | 4 | 20 |
| 12 | Имотни спорови | 896 | 93 | 299 |
| 13 | Семејни спорови | 78 | 6 | 12 |
| 14 | Оставина по приговор | 1 | 0 | 0 |
| 15 | Физичка делба | 0 | 0 | 1 |
| 16 | Регистрација на политички партии и др | 2 | 0 | 0 |
| 17 | Облигациони спорови | 257 | 59 | 49 |
| 18 | Платен налог жалби | 1 | 0 | 0 |
| 19 | Разни парнични предмети | 20 | 0 | 3 |
| | **ВКУПНО** | **4230** | **387** | **841** |

| Реден број | Вид на предмет | Вкупен број на одлуки од повисок суд во 2014 година, со кои е потврдена одлука на овој суд, изразено во проценти | Вкупен број на одлуки од повисок суд во 2014 година, со кои е преиначена одлука на овој суд, изразено во проценти | Вкупен број на одлуки од повисок суд во 2014 година, со кои е укината одлука на овој суд, изразено во проценти |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Парнични | 100% | | 100% |
| 2 | Стечај | 0,13% | | 0,09% |
| 3 | Заверки | 0,01% | | |
| 4 | Други | 41,51% | 1,89% | 9,43% |
| 5 | Трговски спорови | 43,56% | 2,46% | 9,18% |
| 6 | Парнични - мала вредност | 23,22% | 2,45% | 7,23% |
| 7 | Повторување на постапка во парнично | 38,96% | 1,30% | 3,90% |
| 8 | Работни спорови | 30,96% | 2,95% | 3,53% |
| 9 | Платни налози по приговор | 10,72% | 0,36% | 1,42% |
| 10 | Приговори против неправилности при извршување | 35,58% | 4,90% | |
| 11 | Вонпарнични предмети (ВПП) | 3,20% | 0,30% | 1,49% |
| 12 | Имотни спорови | 51,67% | 5,36% | 17,24% |
| 13 | Семејни спорови | 6,13% | 0,47% | 0,94% |
| 14 | Оставина по приговор | 1,20% | | |
| 15 | Физичка делба | | | 1,75% |
| 16 | Регистрација на политички партии и др | 8,33% | | |
| 17 | Облигациони спорови | 15,42% | 3,54% | 2,94% |
| 18 | Платен налог жалби | 0,46% | | |
| 19 | Разни парнични предмети | 1,16% | | 0,17% |
| | **ВКУПНО** | **74,46%** | **6,81%** | **14,80%** |

Од вкупно решените 62.804 предмети во 2014 година, жалба до повисокиот суд била изјавена против 8.107 одлуки, што претставува 12,91% од вкупниот број на одлуки кои биле донесени во 2014 година, а необжалени

остнале 54.697 одлуки или 87,09% од вкупниот број на одлуки кои биле донесени во 2014 година.

Во периодот од 1 јануари 2014 година, заклучно со 31 декември 2014 година, во Судот биле примени вкупно 5.681 одлука од повисок суд. Од вкупниот број:

- со 4.230 одлуки или со 74,46% од одлуките на повисокиот суд биле потврдени одлуки на овој Суд, односно 6,74% од вкупниот број решени предмети;
- со 387 одлуки или со 6,81% од одлуките на повисокиот суд биле преиначени одлуки на овој Суд, односно 0,62% од вкупниот број решени предмети;
- со 841 одлука или со 14,80% од одлуките на повисокиот суд биле укинати одлуки на овој Суд, односно 1,34% од вкупниот број решени предмети.

Инаку, остатокот од примените одлуки, односно со 3,93% од одлуките на повисокиот суд се примени со одлука отфрлена жалба, односно 4,21% од вкупниот број решени предмети.

Од решен еден предмет од видот парнични, истиот е потврден односно 100% од вкупниот број решени предмети од овој вид, и укинат е еден предмет, односно 100% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 2.229 предмети од видот стечај, потврдени се три предмети, односно 0,13% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се два предмети, односно 0,09% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 7225 барања за заверки, потврден е еден предмет, односно 0,01% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 53 предмети од видот други, потврдени се 22 предмети, односно 41,51% од вкупниот број решени предмети од овој вид, преиначен е еден предмет, односно 1,89% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се пет предмети, односно 9,43% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 893 предмети од видот трговски спорови, потврдени се 389 предмети, односно 43,56% од вкупниот број решени предмети од овој вид, преиначени се 22 предмети, односно 2,46% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се 82 предмети, односно 9,18% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 2489 предмети од видот парнични – мала вредност, потврдени се 578 предмети, односно 23,22% од вкупниот број решени предмети од овој вид, преиначени се 61 предмети, односно 2,45% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се 180 предмети, односно 7,23% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 154 предмети од видот повторување на постапка во парнично, потврдени се 60 предмети, односно 38,96% од вкупниот број решени предмети од овој вид, преиначени се два предмети, односно 1,30% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се шест предмети, односно 3,90% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 1560 предмети од видот работни спорови, потврдени се 483 предмети, односно 30,96% од вкупниот број решени предмети од овој вид, преиначени се 46 предмети, односно 2,95% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се 55 предмети, односно 3,53% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 8877 предмети од видот платни налози по приговор, потврдени се 952 предмети, односно 10,72% од вкупниот број решени предмети од овој вид, преиначени се 32 предмети, односно 0,36% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се 126 предмети, односно 1,42% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 1245 предмети од видот приговори против неправилности при извршување, потврдени се 443 предмети, односно 35,58% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а преиначени се 61 предмети, односно 4,90% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 1342 предмети од видот вонпарнични предмети (ВПП), потврдени се 43 предмети, односно 3,20% од вкупниот број решени предмети од овој вид, преиначени се четири предмети, односно 0,30% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се 20 предмети, односно 1,49% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 1734 предмети од видот имотни спорови, потврдени се 896 предмети, односно 51,67% од вкупниот број решени предмети од овој вид, преиначени се 93 предмети, односно 5,36% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се 299 предмети, односно 17,24% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 1273 предмети од видот семејни спорови, потврдени се 78 предмети, односно 6,13% од вкупниот број решени предмети од овој вид, преиначени се шест предмети, односно 0,47% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се 12 предмети, односно 0,94% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 84 предмети од видот оставина по приговор, потврден е еден предмет, односно 1,20% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 57 предмети од видот физичка делба, укинат е еден предмет, односно 1,75% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 24 предмети од видот регистрација на политички партии и др., потврдени се два предмети, односно 8,33% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 1667 предмети од видот облигациони спорови, потврдени се 257 предмети, односно 15,42% од вкупниот број решени предмети од овој вид, преиначени се 59 предмети, односно 3,54% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се 49 предмети, односно 2,94% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 219 предмети од видот платен налог жалби, потврден е еден предмет, односно 0,46% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

Од вкупно решените 1719 предмети од видот разни парнични предмети, потврдени се 20 предмети, односно 1,16% од вкупниот број решени предмети од овој вид, а укинати се три предмети, односно 0,17% од вкупниот број решени предмети од овој вид.

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени стари предмети на крајот на 2013 година | Новопримени стари предмети во 2014 година | Вкупно во работа стари предмети во 2014 година | Решени стари предмети во 2014 година | Нерешени стари предмети на крајот на 2014 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Вонпарнични | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | Парнични | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | Стечај | 63 | 14 | 77 | 18 | 59 |
| 4 | Заверки | 82 | 62 | 144 | 125 | 19 |
| 5 | Замолници | 32 | 32 | 64 | 59 | 5 |
| 6 | Други | 3 | 5 | 8 | 4 | 4 |
| 7 | Предмети од судска управа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8 | Доверливи предмети од судска управа | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 9 | Трговски спорови | 533 | 233 | 766 | 405 | 361 |
| 10 | Парнични - мала вредност | 352 | 230 | 582 | 415 | 168 |
| 11 | Повторување на постапка во парнично | 78 | 28 | 106 | 85 | 21 |
| 12 | Работни спорови | 76 | 74 | 150 | 120 | 30 |
| 13 | Платни налози - предлог | 47 | 5 | 52 | 43 | 9 |
| 14 | Платни налози по приговор | 306 | 580 | 886 | 516 | 370 |
| 15 | Приговори против неправилности при извршување | 8 | 1 | 9 | 8 | 1 |
| 16 | Вонпарнични предмети (ВПП) | 258 | 97 | 355 | 214 | 141 |
| 17 | Оставина | 7499 | 979 | 8478 | 8453 | 25 |
| 18 | Имотни спорови | 900 | 426 | 1326 | 762 | 566 |
| 19 | Семејни спорови | 25 | 28 | 53 | 34 | 19 |
| 20 | Стечаен совет | 18 | 10 | 28 | 19 | 9 |
| 21 | Ликвидација | 7 | 1 | 8 | 3 | 5 |
| 22 | Противизвршување | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 23 | Оставина по приговор | 26 | 8 | 34 | 20 | 14 |
| 24 | Разни вонпарнични предмети | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 25 | Физичка делба | 0 | 10 | 10 | 0 | 10 |

| Реден број | Вид на предмет | Нерешени стари предмети на крајот на 2013 година | Новопримени стари предмети во 2014 година | Вкупно во работа стари предмети во 2014 година | Решени стари предмети во 2014 година | Нерешени стари предмети на крајот на 2014 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 26 | Регистрација на политички партии и др | 0 | 1 | 1 | 2 | 0 |
| 27 | Евиденција на претставки и поплаки | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 28 | Облигациони спорови | 99 | 291 | 390 | 187 | 205 |
| 29 | Платен налог жалби | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 30 | Издавање дозволи | 8 | 2 | 10 | 8 | 2 |
| 31 | Разни парнични предмети | 160 | 75 | 235 | 186 | 49 |
| | ВКУПНО | 10580 | 3192 | 13772 | 11686 | 2092 |

Во периодот од 1 јануари 2014 година, заклучно со 31 декември 2014 година, Судот во работа имаше 13.772 предмети кои имаат статус на стари предмети. Од тие, 3.192 беа примени во текот на 2014 година, а 10.580 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на предмети во работа кои имаат статус на стари предмети во текот на годината беа завршени 11.686 предмети, а останаа нерешени 2.092 предмети.

Анализата на вкупните податоци покажува дека во текот на 2014 година Судот го намалил бројот на стари предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 77 стари предмети од видот стечај. Од тие 14 беа примени во текот на 2014 година, а 63 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот стечај во работа во текот на годината беа завршени 18 предмети, а останаа нерешени 59 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 144 предмети од видот заверки кои имаат статус на стари предмети. Од тие 62 беа примени во текот на 2014 година, а 82 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот заверки во работа во текот на годината беа завршени 125 предмети, а останаа нерешени 19 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 64 предмети од видот замолници кои имаат статус на стари предмети. Од тие 32 беа примени во текот на 2014 година, а 32 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на

стари предмети од видот замолници во работа во текот на годината беа завршени 59 предмети, а останаа нерешени 5 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 766 стари предмети од видот трговски спорови. Од тие 233 беа примени во текот на 2014 година, а 533 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот трговски спорови во работа во текот на годината беа завршени 405 предмети, а останаа нерешени 361 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 582 стари предмети од видот парнични - мала вредност. Од тие 230 беа примени во текот на 2014 година, а 352 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот парнични - мала вредност во работа во текот на годината беа завршени 415 предмети, а останаа нерешени 168 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 106 стари предмети - повторување на постапка во парнично. Од тие 28 се сметаат за новопримени во текот на 2014 година, а 78 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети - повторување на постапка во парнично, во текот на годината беа завршени 85 предмети, а останаа нерешени 21 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 150 стари предмети од видот работни спорови. Од тие 74 беа примени во текот на 2014 година, а 76 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот работни спорови, во текот на годината беа завршени 120 предмети, а останаа нерешени 30 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 52 стари предмети од видот платни налози – предлог. Од тие 5 беа примени во текот на 2014 година, а 47 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот платни налози – предлог, во текот на годината беа завршени 43 предмети, а останаа нерешени девет предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 886 стари предмети од видот платни налози по приговор. Од тие 580 беа примени во текот на 2014 година, а 306 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот платни налози по приговор, во текот на годината беа завршени 516 предмети, а останаа нерешени 370 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 355 стари вонпарнични предмети (ВПП). Од тие 97 беа примени во текот на 2014 година, а 258 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари вонпарнични

предмети (ВПП), во текот на годината беа завршени 214 предмети, а останаа нерешени 141 предмет.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 8478 стари предмети од видот оставина. Од тие 979 беа примени во текот на 2014 година, а 7499 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот оставина во текот на годината беа завршени 8453 предмети, а останаа нерешени 25 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 1326 стари предмети од видот имотни спорови. Од тие 426 беа примени во текот на 2014 година, а 900 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот имотни спорови, во текот на годината беа завршени 762 предмети, а останаа нерешени 566 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 53 стари предмети од видот семејни спорови. Од тие 28 беа примени во текот на 2014 година, а 25 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот семејни спорови, во текот на годината беа завршени 34 предмети, а останаа нерешени 19 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 8 предмети од видот ликвидација. Од тие еден беше примен во текот на 2014 година, а 7 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети во работа од видот ликвидација, во текот на годината беа завршени 3 предмети, а останаа нерешени 5 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 34 стари предмети од видот оставина по приговор. Од тие осум беа примени во текот на 2014 година, а 26 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот оставина по приговор, во текот на годината беа завршени 20 предмети, а останаа нерешени 14 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 390 стари предмети од видот облигациони спорови. Од тие, 291 беа примени во текот на 2014 година, а 99 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од видот облигациони спорови, во текот на годината беа завршени 187 предмети, а останаа нерешени 205 предмети.

Во периодот од 1 Јануари 2014 година, заклучно со 31 Декември 2014 година, Судот во работа имаше 235 стари предмети од видот разни парнични предмети. Од тие 75 беа примени во текот на 2014 година, а 160 беа пренесени како нерешени од претходните години. Од вкупниот број на стари предмети од

видот разни парнични предмети, во текот на годината беа завршени 186 предмети, а останаа нерешени 49 предмети.

## III. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Видовите на звања и распоредот на работните места, условите за нивно вршење и бројот на извршители, како и описот на службените задачи за секое работно место, во Основниот суд Скопје II - Скопје се утврдени со Правилникот за систематизација на работните места 02.СУ.бр.33/2011 од 10.03.2011 година, Правилникот за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места 02.СУ.бр.164/2013 од 04.12.2013 година и Правилникот за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места 02.СУ.бр.17/2014 од 27.02.2014 година.

Со овој акт се предвидени вкупно 423 работни места во Судот. Од вкупниот број, 9 работни места се предвидени во групата Раководни судски службеници, 120 работни места во групата Стручна судска служба, 237 работни места во групата Административно-техничка судска служба, 45 работни места во групата вработени според Законот за работните односи и 12 работни места за Судската полиција.

Утврдениот распоред на работните места и бројот на извршители е извршен врз основа на бројот на предметите во судот и потребата сите служби во судот да функционираат стручно и ажурно.

Од друга страна, заклучно со месец декември 2014 година, Основниот суд Скопје II - Скопје располага со вкупно 272 вработени.

Во рамки на групата Раководни судски службеници, од предвидените 8 работни места, пополнети се 3 работни места и тоа Судски администратор, Раководител на одделение за финансиско и материјално работење и Раководител на оддел за имотно-правни спорови, семејни спорови, вонпроцесна и оставинска постапка и спорови од мала вредност. Во 2014 година, останале непополнети следниве работни места: Самостоен судски советник (1) извршител; Раководител на стручно-правна служба (1) извршител; Раководител на административно - техничка служба (1) извршител; Раководител на оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација, работни спорови и платни налози (1) извршител; Раководител на одделение за човечки ресурси (1) извршител и Раководител на оддел за информатика (1) извршител.

Во рамки на групата Стручни судски службеници од предвидените 120 работни места, пополнети се 53 работни места и тоа во подгрупите Судски советник, Виш судски соработник, Виш судски соработник - аналитичар, Судски соработник, Помлад судски соработник, Советник - информатичар, Советник - портпарол, Соработник-преведувач и Помлад соработник - преведувач. Притоа, во рамки на горе наведените подгрупи, на работното место Виш судски соработник од предвидените (15) извршители, распоредени се двајца вработени. Работното место Виш судски соработник-аналитичар пополнето е со еден извршител, колку што е предвидено со актот за систематизација. На

работното место Судски соработник од предвидените (55) извршители, распоредени се 29 вработени. На работното место Помлад судски соработник распоредени се 12 вработени. Работното место Советник-информатичар пополнето е со (2) извршители, колку што е предвидено со актот за систематизација. Работното место Советник-портпарол пополнето е со (1) извршител, колку што е предвидено со актот за систематизација. Работното место Соработник-преведувач пополнето е со еден извршител, колку што е предвидено со актот за систематизација. Работното место Соработник-толкувач, (1) извршител, не е пополнето. Работното место Соработник-информатичар, (2) извршители, не е пополнето. Работното место Соработник-толкувач, (1) извршител, не е пополнето. На работното место Помлад соработник-преведувач од предвидените (7) извршители, распоредени се 5 вработени со истото звање.

Во рамки на групата Административно-технички судски службеници од предвидените 237 работни места, пополнети се 184 работни места. Од наведениот вкупен број, 6 вработени се распоредени на работни места со звање Самостоен судски референт, 33 вработени се распоредени на работни места со звање Виш судски референт, 101 вработен се распоредени на работни места со звање Судски референт и 44 вработени се распоредени на работни места со звање Помлад судски референт.

Вработени согласно Законот за работни односи се вкупно 17 лица, од предвидените 45 работни места со актот за систематизација.

Во Судот се вработени 9 судски полицајци, од предвидените 12 работни места со актот за систематизација.

Во текот на 2014 година, се реализирани вкупно шест вработувања на извршители на работните места: Раководител на оддел за имотно-правни спорови, семејни спорови, вонпроцесна и оставинска постапка и спорови од мала вредност - (1) извршител, Советник-портпарол - (1) извршител, Судски соработник - (1) извршител и Помлад судски референт - (3) извршители.

## IV. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

**1. Податоци за работа на Канцеларијата за односи со јавност** - Основниот суд Скопје II - Скопје, преку Канцеларијата за односи со јавност, во текот на 2014 година, примил и одговорил на повеќе од 400 прашања од странки.

**2. Број на примени и одговорени прашања по Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, начин на постапување и одговарање** - Во периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година до Основниот суд Скопје 2 Скопје се поднесени вкупно 53 (педесет и три) барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, од кои: 38 (триесет и осум) писмени барања, 15 (петнаесет) барања поднесени по електронски пат и нема барања поднесени по усмен пат. Од вкупниот број на поднесени барања во периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014 година по сите 53 (педесет и три) барања е постапено и позитивно е одговорено, а на барателите им е дадена побараната информација од јавен карактер. Поконкретно, дел од овие барања и тоа 2 (две) се препратени согласно чл. 18 од ЗСПИЈК до Имателот на информации кој според содржината на барањата е Имател и за 2 (две) барања се донесени Заклучоци и тоа во двата случаи согласно член 17 став 3 од ЗСПИЈК поради непостапување на Барателот на поднесеното барање во законскиот рок согласно ст.1 и 2 од овој член. Притоа, за разлика од претходните годишни извештаи евидентен е порастот на барањата и истите се поднесени од страна на физички и правни лица, како и од здруженија на граѓани и невладини организации или преку нивни ополномоштени лица и адвокати. Со цел за постигнување на позитивни резултати, од страна на овој суд како Имател на информации од јавен карактер доследно се применува и спроведува ЗСПИЈК, преку воспоставување на вистинска релација на неговото транспарентно и отворено работење кон Граѓаните, односно Барателите на информации од јавен карактер.

**3. Број на објавени одлуки на веб страната на Судот, фактори кои влијаат на објавите на интернет** – На веб страната на судот во текот на 2014 година објавени се вкупно 2400 одлуки. што одговара на издвоеноста на процесот на анонимизирање од АКМИС програмот, обемот на работа, во корелација со ограничените човечки ресурси.

**4. Објавени соопштенија за јавноста, прес конференции, јавни настани, отворени денови организирани од судот** – На веб страната на Судот во текот на 2014 година се објавени 4 (четири) соопштенија до јавноста. Во првото соопштение од 15.09.2014 година, јавноста е информирана за зголемената ажурност и ефикасност на Основен суд Скопје 2 Скопје во првото шестмесечно полугодие. Имено, во првото шестмесечно полугодие од 2013 година, во Судот вкупно во работа имало 58.418 предмети. Од нив решени се 20.371 предмети, при што заклучно со 01.07.2013 година, останале вкупно 38.047 нерешени предмети. Во споредба со првото шестмесечно полугодие од

2013 година, во првото шестмесечно полугодие од 2014 година, вкупно во работа имало 58.329 предмети, од кои решени се 40.604 предмети, а заклучно со 01.07.2014 година, нерешени останале 17.725 предмети. Оттука, во првото шестмесечно полугодие од 2013 година, биле решени 20.371 предмети по сите основи, а во истиот период во 2014 година поради зголемената ажурност и ефикасност на судиите решени се 40.604 предмети, што значи дека оваа година решени биле 20.233 предмети повеќе од овој период минатата година. Компаративно со заостатокот од 38.047 нерешени предмети од првото шестмесечно полугодие во 2013 година, оваа година заклучно со 01.07.2014 година, вкупниот заостаток на нерешени предмети изнесува 17.725 предмети. Второто соопштение до јавноста се однесува на посетата на Холадскиот совет за судството и на остварената средба на ВД Претседателот на Судот Ѓорѓи Радојков со Делегацијата на Холандскиот совет на судството, како и на остварената средба на ВД Претседателот со кандидатите и предавачите на Државната правосудна академија на Република Франција: г-дин Lebоucher – Cabelguenne Emmanuelle – судија и г-ѓа Ehoke Lisa, г-дин Gorecki David I г-дин Philips Nahema – француски слушатели на почетна обука. Во третото соопштение до јавноста се известуваат граѓаните на Република Македонија дека поголем дел од судењата што требаше да се одржат на ден 03.12.2014 година („Ден на дрвото“), се одложени за ден 13.12.2014 година (сабота), со прилог табела за насрочените судења, односно календар, а каде што се содржани денот, времето, типот на расправата, предметот, судницата и судиите кои постапуваат по тие предмети. Со четвртото соопштение беше известена јавноста за посетата на г.Alexis Liberge кандидат на Државната правосудна академија на Република Франција (ЕНМ) со ВД Претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје Ѓорѓи Радојков, Одговорниот судија на одделот за имотно правни односи, судија Љубица Колиќ и Портпаролот на судот Сања Томиќ, како и за содржината на работната посета.

На веб страната на Судот секој месец, согласно Судскиот Деловник се објавуваат соопштенија со насрочени судења за тековниот месец.

**- Отворени денови организирани од судот:**

1. Редовни состаноци во Министерство за правда во врска со работната група 23НПАА Правосудство и фундаментални права.
2. Состанок одржан на 08.10.2014 година, во хотел Дувет, во врска со проектот на Советот на Европа за поддршка на националните власти за „Јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица“ - финансиран од Европската Унија.
3. Советување на тема Клевета и навреда, одржана на 24.10.2014 година во просториите на Академија на судии и јавни обвинители.
4. Обука на тема Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, одржана на 30.10.2014 година, во просториите на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.
5. Во текот на месец октомври 2014 година, спроведување низ судот, следење на судски процес и запознавање со работата на судот на 5 работни групи од Средното училиште Арсени Јовков.

6. Дводневно советување на тема „Слобода на изразувањето и правото на приватен живот – пракса на ЕСЧП“ одржана во просториите на Академија на судии и јавни обвинители на ден 05 и 06 Номеври.

- Во текот на месец ноември, обиколка, запознавање со Судот и присуство на рочиште на ученици од ОУ „Димитар Македонски“ општина Аеродром.
- Во текот на месец ноември, обиколка, запознавање со Судот и присуство на рочиште на ученици од СУГС Гимназија „Раде Јовчевски – Корчагин“.
- Обука и советување на тема Достапна администрација за подобрување на услугите и унапредување на комуникацијата со граѓаните кои имаат одреден вид и степен на попреченост, одржана на 10.12.2014 година во просториите на ЈУ Завод за социјални дејности.

- **Извештај за меѓународна соработка на судот**

1. Основниот суд Скопје 2 Скопје, беше посетен од страна на Холандскиот совет за судството. Посетата е остварена по склучениот Меморандум и Програма за соработка во билатерална форма меѓу Судскиот Совет на Република Македонија и Холандскиот совет за судството, со поддршка на Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје. ВД Претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје Ѓорѓи Радојков, оствари средба со Делегацијата на Холандскиот совет за судството: г-дин Фритц Бакер – Шеф на Делегацијата на Холаднскиот совет за судството, г-дин Таквор Аведисиан – Претседател на Окружниот суд во градот Оверјсел, г-ѓа Роза Јансен – Претседател на академијата за судии, г-дин Јос Путс – Шеф на финансискиот оддел на советот и г-дин Франс Ва Дијк – Директор на советот. На средбата, освен за активностите дефинирани во Меморандумот и Програмата за билатерална соработка, што ќе се имплементираат во наредните две години, се разговараше и за надлежноста, работата и ресурсите на Судот, начинот на управување и менаџирање на Судот, процесирање на предметите, траење на постапките, начинот на одлучување и постапување на Судот и воопшто за различни полиња на соработка помеѓу Судовите во Холандија и Основниот суд Скопје 2 Скопје.

2. Освен со Холадската Делегација, а поради активностите кои се предвидени со Меморандумот за тригодишна соработка помеѓу Академија за судии и јавни обвинители и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија, поради унапредување на Програмите за почетна обука и зајакнување на институционалните капацитети на Академијата за судии и јавни обвинители, а со цел ефикасен правосуден систем кој се заснова на европски правни вредности и стандарди, ВД Претседателот на Основен суд Скопје 2 Скопје во просториите на Судот, оствари средба и со кандидати и предавачи на Државната правосудна академија на Република Франција: г-дин Leboucher – Cabelguenne Emmanuelle – судија и г-ѓа Ehoke Lisa, г-дин Gorecki David I г-дин Philips Nahema – француски слушатели на почетна обука. Акцентот на оваа средба беше ставен на размената на мислењата и искуствата по однос на институтот медијација и алтернативното решавање спорови.

3. Основниот суд Скопје 2 Скопје, беше посетен од страна на г.Alexis Liberge кандидат на Државната правосудна академија на Република Франција

(ЕНМ). На средбата од страна на Основниот суд Скопје 2 Скопје присуствуваа ВД Претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје Ѓорѓи Радојков, Одговорниот судија на одделот за имотно правни односи, судија Љубица Колиќ и Портпаролот на судот Сања Томиќ. На средбата се разговараше за надлежноста, механизмите и организационата поставеност на Судот, процесирањето на предметите, траењето на постапките, начинот на одлучување и постапување на Судот и воопшто за целокупната транспарентност на работење на Судот, а сето тоа во рамките на Меморандумот за тригодишна соработка помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев и Амбасадата на Република Франција во Република Македонија. На крајот од средбата се разменија мислења и информации за подобро запознавање на судските системи, особено за положбата и работата на Граѓанските судови и граѓанската постапка во Република Македонија и Република Франција.

Одлуките откако ќе бидат писмено изготвени и анонимизирани се објавуваат на web страната на Судот. Во текот на 2013 година објавени се повеќе од 1.000 одлуки, што одговара на издвоеноста на процесот на анонимизирање од АКМИС програмот, зголемениот обем на работа, во корелација со ограничените човечки ресурси.

## V. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Во судот се употребуваат АКМИС и СРС ФЕМИДА софтверски апликации како основни апликации за работа на судот со судските предмети. Исто така за заштита на компјутерските системи, како и за индивидуални потребни интервенции на компјутери и сервисирање се употребуваат дополнителни помошни апликации кои се бесплатни односно не е потребна лиценца за истите.

Во делот за антивирусот Касперски не се употребува од оправдани причини поради нефункционалност односно некомпатибилност со компјутерската технологија која ја поседува судот. Имено поради недоволно потребна минимална конфигурација на компјутерите истиот неможе да функционира правилно односно доведува до големо успорување и блокирање на работата со компјутерите.

Во делот на backup судот истиот го прави на ДВД дискови, поради технички причини. Имено поради големината на базите не е возможно да се прави backup-от по предвидената процедура, бидејќи за креирање на истиот за еден ден потребни се неколку дена што доведува до неможност на пратење на дадената процедура.

Во делот на АКМИС и електронската достава, за сите недостатоци и потребни надградби судот го известува Работното тело за унапредување и стандардизација на постапките при Врховен суд. Исто така во делот на електронската достава при проблеми со најавувања на субјектите и евентуални технички проблеми овој суд освен да прифати или одбие регистрација и притоа да го провери истото не е во можност за други интервенции, меѓутоа во последно време ИТ одделението на овој суд се претвори во ИТ сервис на субјектите особено на адвокатите кои и покрај тоа што овој суд неможе да им излезе во пресрет на нивните технички проблеми, истите го преокупираат ИТ одделението и со тоа ја кочат тековната работа на судот, а со образложение дека се обраќаат по препорака на компјутерскиот центар на Врховен суд и дека овој суд мора да им ги реши нивните технички проблеми.

Во делот на апликацијата за тонско снимање на рочиштата СРС Фемида веќе има случаи на техничка неисправност на опремата, како и повремено затајување на истата, меѓутоа со оглед на тоа дека се работи за софтвер и хардвер кој го има доставено одредена фирма и само кај истата може да се бара решение за одредените проблеми, а колку што е запознаен овој суд непостои тековно одржување за истото, овој суд не е во можност сам да ги отстрани одредени проблеми. Во тек е попис на нефункционалната опрема по кое ке биде доставено известување за истото до надлежните институции.

Во делот на веб страната на судот, веќе подолг период наназад истата не функционира и истото предизвикува проблеми во одредени работи на судот и дотолку повеќе оптеретување на овој суд. Овој суд не е во можност да го реши овој проблем со оглед да истиот не е надлежен за истото, бидејќи ниту

бил вклучен при креирање и набавка за истото, ниту пак има ингеренции самиот да превзема дејствија за истото.

Во делот на интернет, со тековната конекција има одредени проблеми но не во смисла на интернет провајдерот, туку веројатно со системот за заштита односно Check poin-tot. Имено при проверка на конекцијата после модем односно пред Check point има одличен сообраќај т.е. по договорената набавка, додека после Check point-ot, се намалува брзината на сообраќајот како и се јавуваат повремени проблеми во комуникацијата. Меѓутоа овој суд никогаш ниту бил консултиран ниту известен за политиката на конфигурацијата односно сетирањето на сопствениот Check point, а исто така ниту поседува корисничко име и лозинка за пристап на истиот, така да овој суд освен што го поседува овој хардвер само како предмет, не е запознат ниту е во можност да врши интервенции на истиот.

Во поголем дел за информатичката технолигија судот не е надлежен, односно сите централни апликации и политики се во надлежност или ги креира компјутерскиот центар на Врховен суд, за кои овој суд има забелешка во однос на некоординација, изоставување на консултации, како и доставување на сите промени кои се креирани или имплементирани од страна на компјутерскиот центар на Врховен суд.

Од особена важност е и фактот што овој суд иако како најголем суд во Република Македонија и со најголем број на вработени корисници на компјутерскиот систем во судот, располага со најмал број вработени, односно само со двајца информатичари и еден техничар, што е апсолутно нееднакво на потребите и претставува преголемо оптеретување во секојдневната работа на судот. Иако во овој суд гледано аналитички ИТ одделението односно работата на истото е на високо завидно ниво, како резултат на стручноста и способноста за организација на персоналот на истото, потребно е комплетно оформување со кадар на ИТ одделението како би можело да се врши секојдневна нормална тековна работа на судот, а особено и со предвидените нови кадри кои не се од ИТ област а кои ќе бидат наскоро вработени во судот, што значи процентуално уште многу повисоки побарувања од ИТ одделението на судот а многу помала можност за исполнување на истото од страна на ИТ одделението со оваа фактичка состојба на ИТ човечки ресурси во овој суд.

Исто така, и во однос на потребната ИТ опрема овој суд има недостаток и е потребна итна набавка, особено во делот на компјутери (за кои и во моментот недостигаат да се покријат сите вработени, а дотолку повеќе со зголемување на бројот на вработени).

# VI. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Зградата на Основниот суд Скопје II - Скопје во поглед на водоводната инсталација, санитарните чворови, опремата за телефонска комуникација и опременоста на канцелариите се наоѓа во особено лоша состојба.

Водоводната инсталација е застарена и тешка за одржување, при што, чести се поголеми дефекти (пр. пукање на цевки). Поради специфичноста на отстранувањето на дефектите и немањето соодветен алат, судот мора да ангажира служби од надвор.

Исто така, состојбата со санитарние чворови е во алармантна состојба и е невозможно да се одржуваат, па истите е потребно да се заменат со нови. За таа цел, судот во текот на 2013 година изготви проект за обновување и истиот го достави до надлежната институција.

Во 2014 година, одбрени се средства и е извршена реконструкција на дел од санитарните јазли, а останатиот дел е во многу лоша состојба.

Опремата за телефонска комуникација е застарена, со оглед дека е набавена пред 17 години. Гарантниот рок е истечен 5 години откако била набавена, а за застарена се смета откако изминале 10 години во употреба, поради што овластениот сервис повеќе не нуди техничка подршка на централата. Притоа, централата често е во дефект (пр. при прекин на снабдување со електрична енергија), а бројот на судии и вработени во Основниот суд Скопје II - Скопје јасно укажува на интензивна службена комуникација.

Наведеното се однесува и на опремата во канцелариите и состојбата со архивата на судот. Особено загрижува што Судот не располага со доволно простор за чување на предметите.

Имено, просторот кој во зградата на Судот е предвиден и се користи како пасивна архива е целосно пополнет, па предметите кои ги исполниле условите за архивирање не може да се чуваат во просторот за таа намена, односно да се чуваат на начин како што е предвидено со прописите кои ја регулираат оваа материја.

Судот треба да обезбеди чување, стручно одржување и обезбедување на архивскиот материјал од оштетување, уништување и исчезнување.

Притоа, чести се барањата за увид во списите на предметите и во уписниците и барањата за издавање на препис од истите.

Наведените обврски на Судот подразбираат предметите да не се оставаат без надзор, да бидат заклучени и обезбедени во пасивната архива и воедно, да се сместени на начин кој ќе обезбеди нивно користење.

Овие обврски од причини погоре наведени судот во овој период не може да ги исполнува, бидејќи просторот за таа намена (паснивната архива) е искористен и истото има неповолно влијание на работењето и навремено и ефикасно вршење на функцијата на овој Суд.

Во внатрешниот дел на зградата, просторот кој треба да е наменет само за вработените не е одвоен со сигурносен систем од простророт наменет и за странки.

Имајќи го предвид досега наведеното, јасно произлегува дека тековната состојба на опременост на зградата на судот е под нивото на стандардната.

# VII. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ

**I.** Во 2014 година во Основниот суд Скопје 2 Скопје се планирани и извршени следните јавни набавки и тоа:

1. Отворена постапка бр.1/2014 за набавка на:
- Печатен канцелариски материјал и
- Фотокопирна хартија.
2. Постапки со барање за прибирање на понуди ( до 5000 евра) :
- Набавка на резервни делови за браварско, занаетчиски, електричарски и водоводни работи бр.3/2014,
- Набавка на моторно гориво на бензиски станици бр.4/2014,
- Набавка на лепак бр.6/2014,
- Набавка на средства за хигиена бр.7/2014,
- Набавка на потрошен канцелариски материјал бр.9/2014,
- Набавка на услуга за одржување на мрежни фотокопир апарати бр.10/2014.

3. Постапка со барање за прибирање на понуди (до 20000 евра за стоки и услуги и до 50000 евра за работи):
- Набавка на тонер и драм бр.8/2014.

**II.** Избрани добавувачи и вредноста на склучените договори со вклучен ДДВ изнесува:

1.Отворена постапка:
- За печатен канцелариски материјал, Печатница БМ-АБА ДОО - Струмица – 400.020,00 денари со вклучен ДДВ,
- За фотокопирна хартија, МАКЕДОНИЈА БИРО ДООЕЛ Скопје - 505.748,00 денари со вклучен ДДВ.

2. Постапки со барање за прибирање на понуди ( до 5000 евра) :
- Набавка на моторно гориво на бензиски станици, ДПТУ ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДОО с.Ижиште Македонски Брод – 200.000,00 денари со вклучен ДДВ,
- Набавка на лепак, ТД КАРБОН ДООЕЛ Скопје-249.452,00 о вклучен ДДВ,
- Набавка на средства за хигиена, ТД ТРГОЈУГ АД Скопје- 195.113,00 денари со вклучен ДДВ,
- Набавка на потрошен канцелариски материјал,ЕУРО ОФИС ДООЕЛ Скопје-218.300,00 денари со вклучен ДДВ,
- Набавка на услуга за одржување на мрежни фотокопир апарати, ТД ЕВИ Интернатионал Траде ДООЕЛ Скопје- 180.000,00 денари со вклучен ДДВ.

3. Постапка со барање за прибирање на понуди (до 20000 евра за стоки и услуги и до 50000 евра за работи):

- Набавка на тонет и драм, ТД ЕВИ Интернационал Траде ДООЕЛ Скопје-1.000.050,00 денари со вклучен ДДВ.Со истиот добавувач склучен е Анекс договор.

III. Судскиот Буџетски Совет на РМ со Решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судската власт за 2014 година бр.01-952/14 од 10.10.2014 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје одобри финансиски средства во вкупен износ од 1.500.000,00 денари со вклучен ДДВ за капитални расходи.

Во Основниот суд Скопје 2 Скопје се спроведе отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи-реконструкција на санитарни јазли бр.11/2014. Склучен е Договор за јавна набавка на работи со понудувачот ТЕХНОИМПЕКС ДОО Скопје. Вкупниот износ на договорот изнесува 1.487.379,00 денари со вклучен ДДВ. Со Анекс договор на изведувачот ТЕХНОИМПЕКС ДОО Скопје авансно му се исплатени парични средства во износ од 1.250.000,00 денари.

Судскиот Буџетски Совет на РМ со Решение за обезбедување на финансиски средства за капитални расходи на единките корисници на Буџетот за судската власт за 2014 година на Основниот суд Скопје 2 Скопје одобри финансиски средства во вкупен износ од 805.000,00 денари со вклучен ДДВ за набавка на мрежни принтери во износ од 327.200,00 денари и набавка на компјутери во износ од 477.800,00 денари.

Во Основниот суд Скопје 2 Скопје се спроведе Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас бр.12/2014. Склучени се договори со ТД ЕВИ Интернационал Траде ДООЕЛ Скопје за набавка на компјутери во износ од 477.750,00 денари со вклучен ДДВ и за набавка на мрежни принтери во износ од 327.146.00 денари со вклучен ДДВ. Набавката на комјутери и мрежни принтери е целосно реализирана.

# VIII. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊА НА БУЏЕТОТ НА СУДОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА

1. Направени трошоци на Судот во споредба со планираниот буџет

Сметка 603-15-редовна сметка

| Одобрен буџет за 2014 | Одобрено во 2014 | Реализирано во 2014 | Остаток на неподмирени обврски во 2014година |
|---|---|---|---|
| Ставка-401-Плати | 119576513 | 119576513 | / |
| Ставка-402-придонеси | 44226533 | 44226533 | / |
| Ставка-420-Патни трошоци | 0.00 | 0.00 | / |
| Ставка-421-Комунални услуги | 17064000 | 17041255 | 8631522 |
| Ставка-423-Материјали | 2800000 | 2799838 | / |
| Ставка-424-Одржување | 270000 | 266329 | /20579 |
| Ставка-425-Договорни услиги | 3502000 | 3493772 | 595149 |
| Ставка-426-други оперативни расходи | 59000 | 59000 | /73619 |
| Ставка 464-други трансвери | 456143 | 456143 | |
| Ставка 480-купување на опрема | 805000 | 804896 | |
| Ставка 481-градежни објекти-реконструкција | 1500000 | 1250000 | |
| вкупно | 190259189 | 189974269 | 9320870 |

Сметка 631-12-приходна сметка

| Одобрен буџет за 2014 | Одобрено во 2014 | Реализирано Во 2014 | Остаток на неподмирени обврски |
|---|---|---|---|
| Ставка-401-Плати | | | |
| Ставка-402-придонеси | | | |
| Ставка-420-Патни трошоци | | | |
| Ставка-421-Комунални услуги | | | |
| Ставка-423-Материјали | 900000 | 701229 | |
| Ставка-424-Одржување | 450000 | 349051 | |
| Ставка-425-Договорни услиги | 19800 | 14796 | |
| Ставка-426-други оперативни расходи | 40000 | 40000 | |
| вкупно | 1409800 | 1105076 | |

Видно е од податоците наведени во табелата дека со одобрениот буџет за 2014 годона Судот не беше во можност да ги подмири целокупните настанати обврски. Поради тоа остануваат неподмирени обврски во вкупен износ од 9.320.870,00 денари.

Исто така, податоците покажуваат дека најголемите долгови се на ставка Комунални услуги, и тоа спрема македонски пошти износ од 7.202.092,00 денари и неподмирени фактури за централно греење во износ од 1.065.503,00 денари, како и сметките за останатите комуналии за 12 месец кои секогаш се исплатуваат од наредниот буџет, па поради тоа остануваат како нереализирана обврска во 2015 година.

Поради ова Судот во својата предлог буџетска пресметка за 2015 година побара повеке средства на ставка 421-Комунални услуги за да ги подмири и префрлените обврски од 2014 година меѓутоа со Буџетот за 2015 година Судот доби само 13.000.000,00 денари, што значи помалку средства и од буџетот за 2014 година.

2. Споредба на остварена цена на чинење на судски премет во споредба со планирано.

Во врска со оваа точка, Пилот проектот-Цена на чинење на Судски предмет го врши посебно избрана фирма Басмект Дооел во Основен Суд Велес, која треба да изработи економска студија и анализа за утврдување на цена на чинење на еден судски предмет.

Овој Суд ги достави сите барани податоци до фирмата изведувач на проектот-Цена на чинење на судски премет, но до сега немаме повратна информација во која фаса е тој проект, односно податоците за цена на чинење би требало да се побараат од оние Судови што беа пилот судови при собирање и анализирање на податоци за утврдување на цена на чинење на еден Судски предмет.

Основен Суд Скопје II - Скопје не е пилот Суд на овој проект и неможе да даде подетални податоци.

3. Финансиска анализа за направени трошоци, задолженост на Судот, реализација на план за отплата на долгови.

Основен Суд Скопје II - Скопје во 2014 година како и во претходните години пријавува најголеми долгови на ставка Комунални услуги. Тоа е ставка која не зависи многу од деловната политика на Судот и од менаџирањето на Судскиот менаџмент, бидејќи тоа се пред се сметки за потрошена пошта, централно греење, автобуски карти за курири, патни трошоци за судии кои живеат надвор од Скопје, гориво, струја, вода, ѓубретарина и др. Комунални сметки кои зависат од големината на буџетскиот корисник од квадратурата и на нивната висина не можеме да делуваме.

На останатите ставки, како што се Материјали, Одржување и Услуги, Судот води политика на штедење согласно насоките од Судски буџетски совет, па така превзема обврски исклучиво колку што има одобрено средства за тие намени. Напоменуваме дека не правиме обврски што не можеме да ги покриеме со одобрените средста, исклучиво набавуваме и склучуваме тендери согласно обезбедените средства со Буџетот за тековната година.

Но тоа не значи дека Судот нема поголеми потреби од Материјал, Одржување и Услуги. Напротив потребите се многу поголеми од одобрените средства. Поради тоа голем број зафати од областа на Одржување на зграда како што се: молерисување на судската зграда, одржување на опремата за парно греење, одржување на санитарните чворови, одржување на компјутерска орема не се превземаат поради недостиг на средства. Тоа негативно се одразува на постоечката опрема. Имено поради ненавремени поправки и редовно одржување самата опрема побрзо се амортизира и се расипува, што значи дека на подолг рок непревземените активности за одржување негативно

се одразуваат и на опремата а исто така и на уредното и ажурно одвивање на работата на судот.

Исто така голем проблем во реализацијата на потребните инвестиции на Судот е обезбедувањето на средста за Инвестициони активности. Тоа е посебна Инвестициона програма, која не влегува во редовниот буџет објаснет погоре. Станува збор за поголеми инвестициони активности кои не се опфаќаат со ставката Одржување на Судска зграда туку исклучиво се покриваат со посебно наменети средста од Инвестициона програма која ја носи Судскиот Совет на РМ.

Во овој контекст посебно напоменуваме дека од 1999 (или вкупно 15 години) од кога е пуштена Судската зграда во употреба не се превземени поголеми инвестициони активности како што се:

- Реновирање на водоводна и електрична инсталација
- Санација и реновирање на санитарни чворови( тоалети)
- Менување на подовите во судските ходници, кои сеуште се од винфлекс, кој на повеке места е оштетен и целосно дотрајан
- Менување на подовите во канцелариите. Синтелонот во тие канцеларии не е сменет цели 15 години и е целосно дотрајан.
- Нова телефонска централа или надградба на постоечката, како би одговарала на зголемениот број вработени во судот кој од 190 вработени кога е пуштена зградата во употреба е зголемен на 360 во моментов.
- Опремување на судската архива со полици и плакари. Ова е посебно видлив и голем проблем, бидејќи сегашната ситуација е таква да предметите се чуваат по судските ходници.
- Поставување на врати со картици, со цел да се регулира протокот на странки во Судот, односно странките да циркулираат само во делот на шалтерите и судниците а не и во делот на службените канцеларии на судиите и останатата администрација.

Погоренаведените инвестициони активности се од најитен карактер, и тоа посебно го потенцираме како проблем при обезбедувањето на потребни средства за нивна реализација.

ВД Претседател
на Основен суд Скопје II - Скопје,
**Ѓорѓи Радојков,** с.р.

**Основен суд Скопје II - Скопје**

**Бул. Гоце Делчев ББ**
**1000 Скопје**

**тел. +389 2 3120-171,**
**тел. +389 2 3119-803,**
**тел. +389 2 3115-737,**
**факс +389 2 3115-737**

**e-mail: osnovensudii@yahoo.com**
**Интернет:** http://www.osskopje2.mk/